**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МЕЃУНАРОДЕН ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ”ОД ДОЦ. Д-Р ВЕСНА ГЕОРГИЕВА-СВРТИНОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-271/10 од 85. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 17 септември 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ристо Фотов, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
- доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска – професор на Економски факултет, Универзитет Гоце Делчев – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**МЕЃУНАРОДЕН ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов**, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Учебното помагало - скрипта „Меѓународен финансиски менаџмент” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов претставува една заокружена целина на материјата поврзана со менаџирање на финансиите во меѓународното бизнис опкружување. Учебното помагало ќе се користи по предметот Меѓународен финансиски менаџмент, кој се слушна на прв циклус студии на Економски факултет, на насоката Меѓународна економија. Предметот е застапен со 3 часа неделно и се слуша во зимскиот семестар. Оваа книга ќе им помогне на студентите да стекнат солидна основа за анализа на меѓународните финансии, која ќе им биде од корист во понатамошното школување, како и во кариерата, во услови на глобално финансиско опкружување.

**Податоци за обемот ракописот:** Скриптата содржи 300 страници, со голем број на табели, графикони и практични примери, кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици, кои ја третираат проблематиката на меѓународните финансии. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало, кое од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите да стекнат знаење од областа на меѓународниот финансиски менаџмент, дисциплина која особено доби значење кога земјите започнаа да ги отстрануваат препреките за движење на добра, услуги, луѓе и капитал. Овој феномен е добро познат како процес на либерализација. Како резултат на процесот на либерализација и можноста да се започне и води бизнис на кое било место на Земјината топка, претпријатијата започнаа да ги разгледуваат можностите за работа надвор од своите граници. Овој процес секако беше поттикнат и од напредокот во телекомуникацијата, во транспортот и, секако, од појавата на Интернетот. Покрај тоа, од ден во ден пазарите на капитал стануваат сѐ поинтегрирани, па солидното познавање на меѓународните финансии е од круцијално значење за да можат корпорациите да донесуваат различни одлуки.

Изучувањето на оваа проблематика е значајна за студентите од насоката Меѓународна економија, Банкарство финансии и осигурување и Финансиски менаџмент, со оглед на фактот што оваа дисциплина претставува продолжување на стекнатите знаења од многу други научни дисциплини, како што се: финансиски пазари и институции, монетарна економија, макроекономија, банкарство, банкарски менаџмент, хартии од вредност итн. Но, не само за студентите, оваа дициплина е интересна и за сите останати стејкхолдери (вработени, држава, широка јавност), бидејќи преку неа добиваме знаење со коешто може поблиску да ги разбереме макроекономските случувања во Светот (пример последната глобална финансиска криза). Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти, кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината**: Содржински, трудот е концилиран во 12 посебни глави. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Првата глава е посветен на економската глобализација, т.е. на енормениот пораст на трговијата и на инвестирањето, транснационалната интеграција на производството, зголемувањето и забрзувањето на финансиските текови, создавањето на единствен глобален светски пазар.

Во втората глава од материјалот се анализираат мултинационалните компании, како главни носители на процесот на глобализација. Тие дејствуваат во повеќе од една земја и се едни од клучните носители на инвестициските текови, на трговијата и на знаењето преку националните граници.

Во третиот и во четвртиот дел од книгата, фокусот е ставен на девизниот пазар и на неговите функции, како и на значењето на финансиските деривати, како еден вид на финансиски иновации. Особено внимание се посветува и на факторите од кои зависи движењето на девизните курсеви: ценовната инфлација, каматните стапки психологијата на пазарот итн.

Во петтиот дел се прави анализа на режимите на девизни курсеви и се анализираат позитивните и негативните страни на фиксниот и на флексибилниот режим на девизен курс. Значајно место во овој дел е анализа на излезните опции на Република Македонија од режимот на фиксен девизен курс.

Шестиот дел е посветен на меѓународниот монетарен систем, со кои се детерминираат девизните курсеви меѓу националните валути. Притоа се разгледуваат меѓународните монетарни системи, од Златниот стандард, преку Бретонвудскиот систем, до денешниот меѓународен монетарен систем.

Седмиот и осмиот дел се посветени на европската интеграција и на валутното подрачје на еврозоната. Притоа, во седмиот дел се дава одговор на прашањето што претставува оптимално валутно подрачје и се анализираат користите и трошоците, кои земјите ги имаат кога воведуваат заедничка валута. Исто така, се анализира дали еврозоната претставува оптимално валутно подрачје, при што се заклучува дека Европската монетарна унија, во многу помала мерка ги задоволува критериумите за оптимално валутно подрачје, за разлика од примерот на САД. Во осмиот дел фокусот е ставен на прашањето кое се однесува на тоа како членките кога влегуваат во еврозоната и притоа се откажуваат од можноста да водат самостојна монетарна политика, можат да се справуваат со асиметрични шокови.

Деветтиот дел е посветен на анализа на глобалениот пазар на капитал, на мотивите за инвестирање и за позајмување на странските пазари, како и анализа на позитивните, но и на негативните ефекти за земјите увознички и извознички на капитал. Во продолжение на овој дел се разгледува и феноменот познат како економска трилема, кој се однесува на тоа дека земјата не може истовремено да ги остварува следниве три цели: мобилност на капиталот, фиксен девизен курс и монетарна политика која е насочена кон остварување на домашните цели.

Десеттиот дел се однесува на анализа на билансот на плаќање, причините за неговата нерамнотежа, како и методите за приспособување (урамнотежување) на платниот биланс. Исто така, се анализира поврзаноста меѓу дефицитот на тековната сметка и валутните кризи. Значајно место во овој дел зазема и анализата на билансот на плаќање на Република Македонија, како и динамиката на либерализација на капитално-финансиската сметка

на платниот биланс во нашата земја. На крајот од овој дел, се разгледува значењето на дознаките за покривање на дефицитот на платниот биланс на Р.Македонија.

Единаесеттиот дел е посветен на меѓународна трговија и на користа која земјите ја имаат од увозот и од извозот. Овој дел има особено значење, бидејќи во светот постои долгорочен тренд на интензивирање на меѓународната размена и пораст на значењето на трговијата за вкупниот економски раст.

Во последниот, дванаесетти дел, фокусот е ставен на странските директни инвестиции. Во овој дел се објаснуваат причините заради кои некои претпријатија наместо извоз или лиценцирање, преземаат странски директни инвестиции. На крајот, се анализира движењето на странските директни инвестиции за време на последната глобална финансиска криза, при што се истакнува дека тие не се толку стабилни и можат да покажат волатилност, како и сите други типови на капитални текови, доколку глобалната економија се соочува со финансиски нестабилности.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на анализа на меѓународните економски односи, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните методи и техники, кои оваа анализа ги користи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот, да можат да добијат практични сознанија за менаџирањето на финансиите во меѓународното бизис опкружување, кое е од особено значење во глобален свет во каков што денес живееме.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов заклучок.

## ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало - скрипта „МЕЃУНАРОДЕН ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ" од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со анализа на меѓународниот финансиски менаџмент. Авторот направил успешна комбинација на теоретскиот и на практичниот аспект на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења, кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. Овој материјал ќе им биде од корист и на сите оние физички и правни лица, кои настојуваат да остварат бизнис и да склучат меѓународни зделки со бизнис партнери, кои се наоѓаат насекаде низ светот. Поради тоа, сметаме дека трудот ќе даде голем придонес, како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (скрипта) со наслов „Меѓународен финансиски менаџмент" од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов да го одобри за издавање.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**
**Доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, с.р.**